САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XV

*Уређивачки одбор*

Др Дејан Ајдачић, Институт за класичне студије и славистику Филолошког факултета Универзитета у Гдањску, Гдањск, Пољска

Проф. др Ана Витанова-Рингачева, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северена Македонија

Др Барбара Иванчич Кутин, Институт за словенско народописје ЗРЦ САЗУ, Љубљана, Словенија

Др Бојан Јовић, Институт за књижевност и уметност, Београд, Србија

Др Данка Лајић Михајловић, Музиколошки институт САНУ, Београд, Србија

Др Мирослава Лукић Крстановић, Етнографски институт САНУ, Београд, Србија

Др Сузана Марјанић, Институт за етнологију и фолклористику, Загреб, Хрватска

Проф. др Милош Миленковић, Филозофски факултет Универзитета у Београду, Београд, Србија

Проф. др Андреј Мороз, Филолошки факултет МГУ, Москва, Русија

Проф. др Слободан Наумовић, Филозофски факултет Универзитета у Београду, Београд, Србија

Проф. др Јеленка Пандуревић, Филолошки факултет Универзитета у Бањој Луци, Бања Лука, Република Српска

Др Данијела Петковић, Институт за књижевност и уметност, Београд, Србија

Др Биљана Сикимић, Балканолошки институт САНУ, Београд, Србија

*Рецензенти*

др Слободан Владушић, др Смиљана Ђорђевић Белић,
др Миша Ђурковић, др Бранко Злaтковић, др Јасмина Јокић,
др Данијела Костадиновић, др Горан Максимовић,
др Весна Марјановић, др Милош Матић, др Драгољуб Перић,
др Соња Петровић, др Валентина Питулић,
др Данијела Поповић Николић, др Жељко Радинковић,
др Немања Радуловић, др Биљана Сикимић,
др Милица Спремић Кончар, др Бојан Чолак

# САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XV

Тематски зборник радова

*Уредник*

Др Јеленка Пандуревић

Удружење фолклориста Србије, Београд
Институт за књижевност и уметност, Београд
Универзитетска библиотека „Светозар Марковић”, Београд
Научно-образовно културни центар „Вук Караџић”, Тршић

Београд – Тршић 2025

**САДРЖАЈ**


УВОДНА РЕЧ ....................................................................................................9

Слободан П. Наумовић
ОД НАЦИОНАЛНЕ КА КОСМОПОЛИТСКОЈ НАУЦИ (И ДАЉЕ)? РАЗМИШЉАЊА О ПОЛИТИЦИ ЕТНОЛОГИЈЕ И АНТРОПОЛОГИЈЕ НА ПОЧЕТКУ XXI ВЕКА ......................................27

Драгана Б. Вукућевић
ТРИ ПРИСТУПА ФОЛКЛОРИСТИЧКИМ ИСТРАЖИВАЊИМА – ДОСИТЕЈЕВ, ВУКОВ И МАРКОВИЋЕВ ................................................67

Славица Гароња Радованац
ИДЕОЛОГИЈА ЈУГОСЛОВЕНСТВА У ИСТРАЖИВАЊИМА НАРОДНЕ МУЗИКЕ / НАРОДНОГ МЕЛОСА У ДЕЛУ ВЛАДИМИРА ДВОРНИКОВИЋА ............................................79

Борис Д. Булатовић
ИДЕОЛОШКИ ПОДТЕКСТ У КРИТИЧКИМ САГЛЕДАВАЊИМА ЊЕГОШЕВЕ И АНДРИЋЕВЕ „УПОТРЕБЕ" ФОЛКЛОРНОГ НАСЛЕЂА ...........................................107

Ана Ж. Јањић
УСМЕНЕ ИСТОРИЈЕ О СМЕДЕРЕВСКОЈ ЕКСПЛОЗИЈИ 1941. ГОДИНЕ ............................129

Данијела Р. Петковић
НА НАКОВЊУ *РАСКОВНИКА* (ЧАСОПИС *РАСКОВНИК* У ДРУШТВЕНО-ПОЛИТИЧКОМ КОНТЕКСТУ 60-ИХ И 70-ИХ ГОДИНА ПРОШЛОГ ВЕКА) ......................................147

Милан В. Томашевић
ПЕСМЕ О РЕЗОЛУЦИЈИ ИНФОРМБИРОА И СТАЉИНУ У ФОЛКЛОРНОЈ ЗБИРЦИ ЕТНОГРАФСКОГ ИНСТИТУТА САНУ ................................................159

Ђорђина М. Трубарац Матић
ПЕСМЕ СА ОМЛАДИНСКИХ РАДНИХ АКЦИЈА КАО ОРУЂЕ ИДЕОЛОШКОГ ОБЛИКОВАЊА У ФНРЈ ..........177

Дејан М. Илић
ЕПСКЕ ЛАЗАРИЦЕ ИЗ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ У ЕТНОГРАФСКОЈ ЗБИРЦИ АРХИВА САНУ – ПОЛИТИКА И ЕПИКА ..........195

Марина Младеновић Митровић
ЈОВАН ЈОВАНОВИЋ ПИЖОН И ЕТНОГРАФСКА ЗБИРКА АРХИВА САНУ ..........219

Александра П. Бјелић
ВОЈИСЛАВ М. ЈОВАНОВИЋ МАРАМБО О УСМЕНОЈ КЊИЖЕВНОСТИ У НАШОЈ КУЛТУРИ ..........231

Љиљана Ж. Пешикан-Љуштановић
Лидија Д. Делић
ВИЦ О БАБИ (ПОД)СМЕХ КАО ИДЕОЛОШКА И СТРАТЕШКА ТАКТИКА ..........241

Данијела С. Лекић
УЛОГА СКОПА И ПОЛИТИЧКИ АСПЕКТИ СТАРОЕНГЛЕСКОГ ЕПА *БЕОВУЛФ* ..........263

Бојана М. Максимовић
ВИЛЕ И ВАЛКИРЕ: УПОРЕДНА АНАЛИЗА ПРЕДСТАВА У СТАРОНОРДИЈСКОЈ ЕДИЧКОЈ И СРПСКОЈ НАРОДНОЈ ПОЕЗИЈИ ..........277

Наташа С. Дракулић Козић
ПАТРИЈАРХАЛНА ИДЕОЛОГИЈА У УСМЕНИМ ЕПСКИМ ПЕСМАМА О ДЕЛИЈИ ДЕВОЈЦИ / ЖЕНИ РАТНИЦИ ..........293

Анастасија С. Живковић
САВРЕМЕНЕ РОДОЉУБИВЕ ПЕСМЕ СА КОСОВСКОМ ТЕМАТИКОМ КАО СРЕДСТВО ПОЛИТИЧКЕ КОМУНИКАЦИЈЕ СА ЦИЉЕМ УСПОСТАВЉАЊА И ОЧУВАЊА НАЦИОНАЛНОГ ИДЕНТИТЕТА ..........307

Невена В. Милановић Минић
ГОСТОПРИМСТВО КАО НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕЂЕ:
МАПИРАЊЕ ПРАКСИ ....................................................................................325

Ана Ж. Витанова-Рингачева
ВЕВЧАНСКИОТ КАРНЕВАЛ – ТРАДИЦИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА
НА ПОЛИТИЧКАТА САТИРА ....................................................................339

Suzana Marjanović
VLADIMIR DODIG TROKUT ILI „UMJETNIK KAO ETNOGRAF”:
MISTIFIKACIJA I USMENA POVIJEST ......................................................355

Сузана Мицева
ДЕТСКИОТ ФОЛКЛОР ВО
ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ ..........................................367

Ана Ж. Витанова-Рингачева*
Универзитет „Гоце Делчев”
Филолошки факултет
Штип, Северна Македонија
ORCID: 0009-0000-1702-9027

394.25:391.8:[316.4(497.7 Vevčani)
392:2-545(497.7 Vevčani

# ВЕВЧАНСКИОТ КАРНЕВАЛ – ТРАДИЦИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА САТИРА

Карневалот во с. Вевчани во околината на македонскиот град Струга претставува древна претхристијанска традиција којашто до ден денес сочувала елементи од својата архаична форма. Овој карневал претставува нераскинлив дел од културната меморија на македонскиот народ. Преку обредното маскирање и играта, учесниците во карневалот ја остваруваат првата значајна функција, истерувањето на злите сили и нивно уништување. Секундарната функција којашто се препознава во современата форма на карневалот претставува критика на историските и општествено-политичките случувања. Традицијата стара околу 15 века денес е во функција на создавање сатирични контксти кои содржат пораки испратени со посредство на карневалските маски. Денес маските на Вевчанскиот карневал најдиректно се инспирирани од локалните, националните, регионалните, но и светските политички текови кои директно или индиректно ја засегаат македонската држава. Вистинското негување на вековната традиција и нејзината (зло)употреба во дневнополитички контекст се двете тековни нарации на современата форма на краневалот. Старата карневалска традиција во Вевчани на некој начин претставува медијатор помеѓу традицијата и нејзината современа општествено-социјална, политичка и културолошка интерпретација. Во овој труд ќе ја разгледаме тезата за тоа, како една стара традиција како што е Вевчанскиот карневал, се трансформира во политичка сатира и критика на општествените случувања

**Клучни зборови**: Вевчани, карневал, традиција, политичка сатира.

Во културната меморија на Балканот карневалите се зачувале како посебна форма на народната култура. Како исклучително сложен културолошки феномен, карневалот има своја генеза во која клучното

место го зазема чинот на маскирањето на учесниците. Покрај називот *карневал,* можат да се сретнат и со следните именувања: *поклади*, *месопуст*, *фашник*, *машакари*, *маскарада* и многу други локални називи (Караџоски 2018: 97), но заедничко за сите е чинот на маскирање. Маскирањето како обредна практика со длабоки корени, води потекло од претхристијанските култови во кои ваквата активност била насочена кон прогонување на злите сили, без разлика во каков облик се појавуваат. Обидите да се дефинира карневалот како појава, ги донеле истражувачите до воочување на сличностите и разликите со коишто се одделуваат или приближуваат едни кон други. Дефинициите се движат од позицијата дека карневалот е голема заедничка манифестација со која се одбележува започнувањето на големиот Велигденски пост, па до тоа дека карневалот е прослава на животот и најава за почетокот на пролетта, а се празнува преку игра, врева, смеа и специјално подготвена облека, односно маска. Карневалот претставува инверзија на стварноста во која нередот не му спротивставен на редот, туку тој претставува превртување на реалноста, создавање на привиден, друг свет, кој во себе ја имплементира ритуализацијата на редот и на нередот (Lozica 1997: 242). Лозица посебно го истакнува чинот на „духовно орање" кога долните слоеви на човековата психа излегуваат на површина, со тоа стануваат видливи. Во карневалот самиот живот е игра, а играта повремено станува и самиот живот (Бахтин 1978: 15). Дефинирајќи го карневалот како спектакл, Шуваковиќ го поистоветува со културно случување во кое набљудувачот-учесник го артикулира своето сложено чувствено тело, како можен субјект што ги застапува другите луѓе, општеството, природата и трансцендентните светови (Šuvaković 2006: 98).

Постојат повеќе различни толкувања за времето на одржување на карневалите, кое најчесто се поврзува со деновите пред големиот Велигденски пост. Почетокот на постот, според *Речникот* на Братољуб Клаиќ (Klaić Bratoljub, *Veliki Rječnik stranih riječi*, Zagreb, 1966) е во директна врска со името *карневал*[1] кое потекнува од грчкиот префикс *carn* (*јадач на месо*), а се однесува на *кола* (carrus navalis –кола, брод, или брод – кола) во религиозните паради, како и на кола во религиозна колона при годишните празнувања во чест на Богот Аполон. Во стара Грција таквите коли биле правени за свеченост по повод пролетното доаѓање на богот Дионис и од Грците овој обичај го презеле Римјаните (Klaić 1966: 628).

> Kako se za vreme posta mora uzdržavati od mesa i masne hrane, u danima pred post su se održavale kolektivne proslave na kojima su učsnici konzumirali upravo ove „zabranjene namirnice". U skladu s ovom teorijom je i etimologija karnevala. Iako nije baš u potpunosti jasno poreklo reči, najverovatnija pretpostavka je

[1] За терминолошкото одредување на поимот карневал види во: Lozica 2007a; Lozica 2007b.

> da karneval potiče od latinske reči *carnem levare* ili *carnelevarium* što bi u prevodu značilo „odstraniti meso" ili „lišiti se mesa" („Carnival", *Encyclopedia Britannica*). Jasno je da je sama reč u nekom smislu povezana sa mesom, odnosno hranom i, pretpostavlja se, postom tokom koga je meso bilo zabranjeno. Samim tim se karneval implicitno povezuje sa hrisčanstvom. (Ristivojević 2009: 199)[2]

Меѓутоа, фактот дека карневалите заживуваат секогаш во деновите кога се случува промена на годишните времиња (од зима кон пролет), говори дека нивната генеза води потекло од претхристијанскиот период. Карневалот се доведува во корелација со античките ритуали посветени на будењето на природата и истерување на злото, но својата вистинска форма ќе ја добие во средниот век, кога на аграрниот култ се надградува култот на мртвите предци. Маскирањето е во најнепосредна врска со опседнатоста, духовите, мртвите предци и божествата. Маската, кај оној што ја носи, предизвикува привремена егзалтација и му помага да поверува дека суштински се преобразува (Кајоа 1979: 119). Инкарнацијата на мртвите и нивното присуство во материјалниот свет, се случува на преминот од зима во пролет, а нивното присуство како маскирани или трансформирани суштества треба, од една страна да продонесе за заштитата и напредокот на заедницата, а од друга страна да влијае на плодноста, вегетацијата и аграрот. Затоа и дел од научниците посочуваат дека корените на карневалот датираат од римските обреди и обичаи (сатурналија, луперкалија, матроналија, брумалиа, баханалии, хиларио, либерналија), а исто така се споменува влијанието на дионизискиот култ (Зоговиќ 1996: 190). Затоа многу истражувачи во карневалските свечености препознаваат обреди (или барем дел од нив) кои се однесуваат на колективните празнувања како: дионисии, сатурналии, луперкалии, баханалии, анастенарии, брумалии и слично. Антониевиќ (1991: 170–171) преку споредбена анализа ги предочува сличностите меѓу современите драмски игри под маски и култот на Дионис на Балканот. Анализата ја базира врз заедничката идејна врска која се содржи во култот на магијата за плодноста. Сцените во кои активно учествуваат маскираните учесници а ја подразбираат обредната свадба, смртта, земјоделските активноста како орање и сеење (асоцијација на култот на плодноста) всушност се најстариот архаичен слој којшто претставува остаток од древните синкретични активности. Самиот свадбен ритуал во кој невестата е всушност маж преоблечен во жена претставува елемент

[2] „Бидејќи за време на постот мора да се воздржува од месо и мрсна храна, во деновите пред постот се одржувале колективни прослави каде учесниците ги консумирале токму овие 'забранети јадења'. Етимологијата на карневалот е во согласност со оваа теорија. Иако потеклото на зборот не е сосема јасно, најверојатната претпоставка е дека карневалот доаѓа од латинскиот збор *carnem levare* или *carnelevarium*, што во превод би значело 'да се отстрани месото' или 'да се лиши од месо' ('Карневал', Енциклопедија Британика). Јасно е дека самиот збор во извесна смисла е поврзан со месото, односно храната и, се претпоставува дека се однесува постот во кој месото било забрането. Со тоа карневалот имплицитно се поврзува со христијанството" (Ristivojević 2009: 199).

на древниот магиско-религиозен култ во којшто се славела плодноста и се обезбедувал континуитет. Веселин Чајкановиќ го поставува прашањето, дали веселите, разуздани маскирани луѓе, покриени со животински маски и со истакнати животински атрибути кои во поворки парадираат во време на божиќните празнувања, како и оние карневалски поворки во пролетната сезона (а им се познати на народите од стара, средновековна, вчерашна, а и денешна Европа), не се всушност, поворки на мртвите предци? Посебно го истакнува времето на појавување и истакнува дека божествата, натприродните суштества и душите на мртвите предци. Божествата имаат полна слобода во движењето и можат да се појават кога и каде сакаат, додека пак душите на мртвите предци се појавуваат ограничено – и локално и временски. Во старословенската религија за време на празнувањата на Бадник и Божиќ се случувало колективно појавување на душите на мртвите предци, појава која е запазена и на други места во светот. Катерина Петровска-Кузманова (2022: 162) истражувајќи ги карневалите меѓу кои и карневалот во градот Струмица, ги подвлекува четирите основни степени низ кои поминала еволуцијата на карневалските манифестации воопшто: од античките карневали наменети за плодност, преку култовите на предците, кои се надоврзале во раниот среден век, политичката сатира, која се појавува во деветнаесеттиот век, сѐ до крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век кога карневалите се трансформираат во посебен вид забава. Маските зооморфни, зооантропоморфни, антропоморфни и фитомофни, се резултат на потајната човекова желба и потреба човекот да си поигра со сопствената индивидуалност, да се биде некој друг кој ќе му спротивстави на злото, но и ќе го каже тоа што во секојдневниот живот му е ограничено. Развојниот процес на маската и на маскирањето започнува од тотемизмот со маската на праисториските ловци, продолжува со манистичките маски на предците и со анимистичките маски на аграрниот култ, а трае сѐ до денес до современите маски (Петровска-Кузманова 2012: 149). Маскираните поворки како составен дел од македонската народна култура низ времето доживеале своевидни трансформации, кои се однесуваат на прилагодувањето на традиционалните маски на новите општествено-политички услови. Петровска-Кузманова (2019: 38) дава прецизен хронолошки преглед на првите записи за обредите под маски во Македонија и потенцира дека потекнуваат од XIII век, а се дело на охридскиот архиепископ Хоматијан. Од подоцнежниот период се зачувани записите на Евлија Челебија од 1670 година кој се однесува на тримерските свечености во Струмица. Доста богата етнографска граѓа има зачувано и од македонскиот XIX век: *Зборникот* на Браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев со описите на ешкарите во Костурско и василичарите во Охридско. Во истражувањата на Кирил Пенушлиски се потенцирани фолклорните материјали од софиските збирки на Верковиќ, меѓу другите годишни обичаи, од Долновардарско е проследен записот за играта Џамала.

Во современите фолклористичко-етнолошки истражувања се зборува за два вида карневали коишто се одржуваат во два различни временски периоди. Според Лозица (2007: 192–193), првиот, наизглед архаичен тип (изворен) се однесува на руралното се однесува на селските средини и се препознава по групите маскирани мажи (во многу слични костими), најчесто од животинска кожа (руно, крзно) и по ѕвонците што ги носат закачени на облеката... Изгледаат страшно и опасно, имаат специфични движења и игра, ги плашат децата, ги прогонуваат младите жени (но и мажи) настојувајќи да ги посипаат со пепел или да им ги оцрнат лицата. Овој тип на карневали Лозица ги определува како *магиски* (курзив А. В. Р.) бидејќи се ориентирани кон природата и е со остатоци од магиските ритуали во насока на плодноста. Другиот тип за кој говори Лозица е т.н. *современ или критички карневал* (курзив А. В. Р.) се среќава во урбаните средини и е во најдиректна корелација си формирањето на општествениот поредок. Овие карневали се занимаваат со односите на луѓето во општеството, имаат тенденција на драма и вербален израз. Карактеристиките на овие карневали се пародијата и критиката на постоечкиот општествен систем, поединечно маскирање во различни актуелни, во моментот, политички и други личности, маскенбал, музика и детски карневалски настани. Секако, заклучокот на Лозица е дека не постојат чисти видови, туку дека постои еден карневал со две лица (магиско и критичко).

> Obrtanjem suprotnosti obnavlja se svijet i zgušnjava zbilja: u karnevalu su sadržani i miješaju se dobro i zlo, istina i laž, ljubav i mržnja, ozbiljnost i šala, suze i smijeh, strah i radost, selo i grad, bogataši i siromasi, vladari i podanici, seks i smrt, mrtvi i živi, kršćanstvo i poganstvo, ispraznost i punina života. Obje karnevalske sastavnice – magijska i kritička – uvjetovane su kružnim poimanjem vremena, tipičnim za narodnu kulturu. (Lozica 2007b: 192)

Гледано од денешна перспектива тешко би можело да определиме чисти типови, попрво би можеле да кажеме дека постојат карневали кои во себе ги инкорпорираат двата типа, но исто така е важно да се напомене дека во ваквите случаи карактеристичните белези не се мешаат, туку тие делуваат како два паралелни карневали кои се одвиваат во исто време на ист простор, каков што е примерот со Вевчанскиот карневал во Македонија. Она што ние денес го познаваме како карневалски свечености претставува една надоградена структура втемелена на традиционалните универзални магиско-религиозни обрасци врз кои почива човештвото. Според Петровска-Кузмановска (2022: 156) карневалите, кои се присутни денес, немаат ниту архаични, ниту архаизирани значења: доминантен е речиси единствен модел на поворка. Вевчанскиот карневал од една страна го чува традиционалниот модел на изведба – како најнепосредна врска со минатото и посредник со сегашноста, но и остава простор за

нови изведбени форми коишто се појавуваат под притисок на времето во кое се изведуваат. Значи традиционалните форми на изведба не се утврдени како еднаш засекогаш дадени, напротив тие подлежат на постојани промени и прилагодувања. Сепак, сметаме дека единствениот карневал кој сè уште ги чува сцените од некогашната архаична постановка (зооморфните маски, играта, палењето на маските) е карневалот во Вевчани.

Во организацијата и во изведбата на карневалите има особености, кои се: локални, национални, регионални, но и општочовечки. Според досегашните сознанија, општо земено, трансформацијата што се случува во карневалите води кон нивна понатамошна промена, кон создавање манифестации, преку кои се промовира регионот или местото, каде што се одвиваат. Сето ова нè наведува да заклучиме дека карневалот, онаков како што го познаваме ние денес, повеќе е свртен кон општеството, одошто кон природата. Во истражувањата, истакнувањето на сакралното и церемонијалното ниво на обредите го занемарува нивниот општествен и психолошки аспект, односно нивното значење во регулирање на општествените односи, потоа економската, сатиричната и забавната функција, кои во различните периоди заземале различни места на скалата на човековите потреби (Петровска-Кузмановска 2022: 153). Карневалот како феномен ги вклучува социјалните, политичките, економските, историските и културните процеси низ коишто поминува развојот на едно општество. Во македонската народна традиција опстанале двете форми на карневалски празнувања: традиционалната и современата. Според Владимир Боцев, функцијата на обредното маскирање е насочена кон две сфери: религиска и општествена. Религиската функција е манифестна и се пресликува во настојувањата да обезбеди целокупниот напредок на заедницата кој па се препознава во симболиката и целите на обичајот, односно преку богатата обредна активност за поттикнување на плодноста, здравјето, среќата и сл. Општествената функција е латентна, но исто толку значајна колку и религиската. Таа се изразува преку јакнење на единството на групата, задржување на виталноста, јакнење на чувството на поединецот за припадност кон иста верска и етничка група, а со тоа создавање психичка и емоционална стабилност (Боцев 2004: 93).

Празникот Свети Василија во селото Вевчани (Струшки Дримкол) се одбележува на 14 јануари со обредно маскирање на учесниците познати како Василичари, а самата манифестација го носи името Вевчански карневал.[3] Во манифестацијата учествуваат исклучиво машки лица кои

---

[3] На 27 февруари 2024 година на седница на Владата на Република Северна Македонија Вевчанскиот карневал е прогласен за културно наследство од особено значење, во поткатегоријата исклучително значење. Со оваа одлука на Владата се овозможува зачувување и афирмација на машката василичарска поворка како дел од зимските обреди со маски, која е зачувана и се

на симболичен начин ја испраќаат старата година. Според Мирчевска (1995: 188) основната цел на овие обредни игри е да го заштитат селото од зли духови и демони, во годината што следи да обезбедат благосостојба за себе и за пошироката заедница, годината да биде родна и берикетна, како и луѓето и стоката да биде здрава и плодна. Локален назив за маска во Вевчани е „сурат" од истоимениот арапски збор за лице, образ и физиономија, а усвоен преку турскиот јазик, збор од арапско потекло пренесен преку турскиот јазик (Константинов 1975: 376). Карневалот се одржува секоја година, започнува на 12 јануари и трае три дена, а негови главни карактеристики се: архаичноста, мистичноста и импровизацијата. Постојат три традиционални маски: Зет и Невеста,[4] Глупи Август (маска што ја носат млади луѓе коишто преку специфични гестови и звук комуницираат со публиката) и Музичари. Вевчанскиот карневал несомнено покажува голема отпорност и жилавост, кога станува збор за времето на неговото опстојување.

Непобитен е фактот дека современите карневали, чиишто корени се длабоко во обредноста, ја изгубиле својата примарна функција втемелена на магиско-религиозната платформа. Самите учесници знаат дека традиционалните маски се директната врска со предците и нивниот начин на практикување на обредот за заштита од злото и обезбедување берикет за заедницата.

> Сите материјали кои ги собираме се природни материјали и на еден начин и оддаваме благодарност на самата природа. Политичкиот хумор и сатира не се изоставени, меѓутоа на брат ми и на екипата тука кои се главни изработувачи на маската, отсекогаш главен елемент им бил почита кон традиционалните вредности и пагански елементи. (Баткоски 2025)

Култот на плодноста и заштитата од злите сили се само остаток од некогашната обредност, за која Вевчанци знаат. Почитувајќи ја временско-просторната компонента на обредот, односно почитувајќи го граничното време (т. н. некрстени денови) тие се маскираат со маски кои содржат животинско крзно, рогови, кожи и слично со намера да го зауздаат злото и да го уништат. Во пошарокиот европски културно-историски простор во кој Балканот е составен дел, забележана е пракса на маскирање во елен како централна фигура на маскираните машки поворки преоблечени

---

практикува во автентична и интегрална форма од локалната заедница во општината Вевчани. Како што е наведено во одлуката, по своите карактеристики „Обредните поворки со маски (карневал) – василичари во Вевчани" се издвојуваат со својата автентичност и зачуваност на формите на маските, василичарското оро, верувањата и обредните практики. За василичарите во Вевчани се утврдува режим на заштита од прв степен, со повеќе мерки на заштита. В. „Вевчанскиот карневал прогласен за нематеријално културно добро". https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/vevchanskiot-karneval-proglasen-za-nematerijalno-kulturno-dobro/, 11. 9. 2024.

4 В. Фотографија 1. Извор: „Катица Јанева, Боки-13 и Фатиме Фетаи меѓу највпечатливите маски на Вевчанскиот карневал". http://skr.rs/z0ht, 11. 9. 2024.

во најразлични видови рогати животни (Трубарац Матиќ 2019: 87). По улиците на Вевчани скоро секоја година дефилираат голем број маски кои алудираат на рогатите животни, меѓу нив највоочливи се роговите од животното елен, што секако би можело да биде и предмет на некое наше следно иследување. [5]

Современото практикување на маскирањето е во насока на актуализација на општествено-политички состојби, локални, регионални, па и светски. Таков е примерот со маската „Спутник”, која алудираше на вакцините за време на светската криза предизвикана од вирусот Ковид-19.[6] Но начинот на кој се обидуваат да се заштитат од злите сили (најчесто инкарнирани во современите македонски и странски политичари), се секако пародијата и сатирата. Преку нив учесниците во карневалот остваруваат комуникација со колективот кој треба да ги прими и разбере пораките. Големите турбуленции на македонската политичка сцена, последните неколку години се најголема мотивација за креаторите на маските во Вевчани. Преку пародија беа претставени ликовите на оние (како што е специјалната јавна обвинителка) кои наместо да се справат со криминалот како девијантна појава на македонското општество, истите тие завршија во затвор.[7] Сатирата е протест, сублимација и исчистување на злобата и гневот (Борев 2011: 506), а како производ на таквата активност е смеата. Преку сатирата, всушност се исмеваат одредени општествени појави кои се доведуваат до степен на апсурд. Во карневалот во Вевчани главните ликови се политичарите претставени како алчни, непресметливи, подмитливи, крадци, лажливци, лицемери. Токму кон нив е упатена сатирата со цел да ги деградира, да ја извади на површина нивната внатрешна изобличеност и да ги разобличи, а како резултат на тоа се појавува хуморот, најсилниот катализатор на насобраната негативна енергија. Токму преку ваквите постапки, сатирата дава можност да се воочат горчливите сознанија за животот, за деформациите во општествените, политичките и моралните манифестации на човековата природа и способноста да се разоткријат силите на ништожноста, глупоста, лудоста, лагите, пороците и суетата. (RKT, 1985: 697)

Хуморот е еден од највисоките изрази на слободата. Очигледно постои тесна корелација помеѓу хуморот и знаењето за себе. Хуморот е постојан предизвик и надразнување на наметката на сериозноста со

---

5 В. Фотографија 4. Извор: „Почна дефилето на маските на Вевчански карневал 2022”. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/pochna-defileto-na-maskite-na-vevchanski-karneval-2022/, 25. 10. 2024.

6 В. Фотографија 2. Извор: „Почна дефилето на маските на Вевчански карневал 2022”. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/pochna-defileto-na-maskite-na-vevchanski-karneval-2022/, 25. 10. 2024.

7 В. Фотографија 3. Извор „Катица Јанева, Боки-13 и Фатиме Фетаи меѓу највпечатливите маски на Вевчанскиот карневал”. http://skr.rs/z0ht, 11. 9. 2024.

која секоја група на моќ во светот ги прикрива своите обиди за превласт, монопол и доминација.[8] Во високо развиените демократии, критиката на демократските процеси преку политичкиот хумор и сатирата во јавниот дискурс, почнувајќи од шеги и политички цртани до доцните ноќни комични емисии, се покажа како многу моќна. Политички хумор и сатирата често се фокусираат на јазикот што го користат оние на власт, за да ги обликуваат прашањата од заеднички политички интерес[9] (Berberović, Delibegović Džanić 2020: 372). Главната цел на сатирата е да укаже на социјалните или моралните слабости, пороци и зло, да ги изложи на потсмев и на жигосување. Според Бахтин (1978: 19) поимите карневализација и сатира меѓусебно се исклучуваат. Карневалот почива на начелото на универзалноста, според кое смеата е универзална и насочена кон сѐ и секого, односно дека целиот свет е претставен со неговата смешна страна. Додека пак сатиричарот знае само за негативната смеа и себеси се става над појавата која е предмет на потсмев и со тоа ја разбива целовитоста на смешниот аспект на светот. Смешното (негативно) станува поединечна појава, амбивалентната народна смеа го изразува погледот на целиот свет на кој му припаѓа.

> За разлика од сатирата, карневалите најчесто (а тука не е исклучок ни Василичарскиот карневал во Вевчани) се поддржани (финансирани) од државата (во случајов од Министерството за култура). Дури и да ги крстиме сатира, со самиот факт што се платени од власта, тие како такви се делегитимираат. Останува и прашањето зошто државата би финансирала нешто што навредува еден дел од населението, зашто, конечно, таа тоа го прави и од нивни пари. (Георгиевски 2015)

Општество без критика е општество што умира, а општество без хумор и без критика е општество што мачно умира. Политичкиот хумор треба да биде своевиден коректив на општеството, а една од неговите цели е на сатиричен начин да ја поткрене критичката свест на луѓето. Честопати политичката сатира се користи како издувен вентил на граѓаните за негативните состојби во една средина (Стојадиновиќ 2016). Ако сатирата е актуелна критика (Борев 2011: 506), тогаш си дозволуваме да кажеме дека карневалот во Вевчани секоја година во својот фокус ја има токму таквата критика. Учесниците тоа го прават на еден само за

[8] "Humor is one of the highest expressions of liberty. There is apparently a close correlation between humor and the knowledge of oneself. Humor is the constant challenge and irritant to the cloak of seriousness with which every power group in the world disguises its attempts at supremacy, monopoly and domination" (Muller 1978, цитирано според: Marín-Arrese, Juana. "Humour as Ideological Struggle: The View from Cognitive Linguistics". http://skr.rs/z0hV, 25. 9. 2024.

[9] "In highly developed democracies, the criticism of democratic processes through political humor and satire in public discourse, ranging from jokes and political cartoons to late-night comedy shows, has proven to be very powerful. Political humor and satire often focus on the language used by those in power to frame issues of common political concern" (Berberović, Delibegović Džanić 2020: 372).

нив оригинален начин, целосно ослободени од стегите и нормите. За сите нив тие два дена врвното начело пред кое стојат е слободата.

> Овде слободата е неограничена, секој прави што сака. Сè повеќе политички маски се среќаваат на Вевчанскиот карневал. Се задржала таа традиција да има многу пагански маски, маски што го исмеваат и христијанството и муслиманството, но тој политички револт кај вевчанецот доаѓа до израз баш во тие два дена. Таа слобода на духот, таа универзалност што ја носат вевчанци низ годините, доаѓа до израз баш во тие два дена. Се залагаме, од една страна за слободна Европа, но од друга страна сакаат да нè стават во некоја рамка. Преку таа рамка сакав да ја исмеам политиката. (Бетоски 2023)

Меѓутоа, повикувајќи се на слободата, честопати се случувало токму маските на Вевчанскиот карневал да повредат нечии верски чувства, што доведува до реакции од засегнатите страни (и православните и муслиманските верници). Токму таков беше случајот со карневалот во 2012 година кога верниците од исламската вера реагираа, како и случајот со маската „Исус Христос и крстот од пивски гајби”[10], која од Бигорската обител наречена „несреќно светогрдие”. И покрај постојаните критики, маскирањето за празникот Свети Василиј Велики за населението во Вевчани значи да се одживеат три дена надвор од реалното време, да се извадат на површина сиот насобран гнев и бес, а притоа да не се наруши традицијата, ниту да не недостасува хуморот. И секако, уште една многу значајна карактеристика е негувањето на групниот идентитет на заедницата како дел од духовната култура. Врз основа на теренските истражувања, Владимир Боцев забележува дека иако однадвор гледано обредот е компактен и праќа силна порака на единство на селската заедница, упатениот истражувач или набљудувач може да ја забележи подвоеноста на групите. Тој ги потенцира трите нивоа на манифестирање на идентитетот кај учесниците во обредот: прво што е заедничко за сите учесници е манифестацијата на групниот идентитет што е поврзана со припадноста кон селото Вевчани како заедница; другото ниво е манифестација на националниот идентитет преку критикување и исмејување на другите етнички групи кои живеат во околината на селото и подалеку и третото ниво на идентитет е покажувањето на групниот идентитет, во смисла на припадност кон одредена група внатре во селската заедница, најчесто интересна. Манифестацијата на идентитетот и припадноста кон заедницата се манифестира со масовното учество на сегашните и некогашните жители на заедницата, и особено со задолжителната посета на секој дом во селото од страна на учесниците во обредот. Можеби денес верувањето

[10] В. Фотографија 5. Извор: „’До ова ли дојдовте?’ : Реакции за маската со Исус и крстот од пивски гајби”. *Македонски медиа сервис*, 14. 1. 2024. https://mms.mk/341071/.

дека ако не се одржат овие обреди, заедницата може да се доведе во опасност од пропаѓање и уништување не се должи на верувањето дека со неодржување на обредите не ќе може да се обезбеди здравје, храна и плодност. Денес, многу извесно е верувањето дека со неодржувањето на овие обреди можат да се избришат трагите на идентитетот што луѓето го носат со себе, а кој во овие современи услови на живеење можеби е единственото нешто што ги поврзува помеѓу себе и одредената заедница ја држи како компактна група (Боцев 2012: 96–97).

Современите форми на карневалско дејствување како што е карневалот во Вевчани се само доказ дека потребата да се освои просторот и да се зграби слободата макар на ден или два, за човекот останала силна и насушна. Вевчанскиот карневал го носи белегот на архаичност бидејќи не ги напушта традиционалните маски, но и покажува дека, за да ја изврши својата важна функција (да ја сензибилизира јавноста со јасен поглед да ја види вистинската страна на заедницата во која живее), мора да ги следи тековните општествено-политички процеси. Опстојувајќи во континуитет векови наназад, карневалот ја чува традицијата. Ако континуитетот не смее да се набљудува како статичен поим, туку како жива традиција (Антониевиќ 1991: 170), тогаш можеме да заклучиме дека во Вевчани секоја година традицијата оживува со нова енергија. За Бахтин (1978) карневалот не е само настан, тој создава простор, политички и културен, место на еднаквост каде сите се заштитени со анонимноста, се рушат воспоставените хиерархии и се создаваат идентитети кои се спротивставуваат на доминантните текови, а гротеската е главен естетски принцип. Скандалозните и контрадикторни слики на карневалот бараат преобмислување на воспоставените концепти. Не смееме да заборавиме: Карневалските обичаи одат рака под рака со историските процеси, нивната општествено критичка задача продолжува и денес (Lozica 2007a: 76). Карневалот како една од „најплодносните критички теми во културалните теории (Humphrey 2000: 164), преставува место на помирување на сите спротивности и јаз помеѓу доброто и лошото. Иако тој во себе ги содржи прастарите магиски ритуали и формални карактеристики на претхристијанската култура, низ историскиот развој карневалот останал како синоним на слободното и отворено мислење. Нашиот заклучок сепак би биле дека Вевчанскиот карневал на сосема оригинален начин, традицијата ја става во функција на политичката сатира со цел да укаже на појавите, кои наместо да го подобрат животот на граѓаните, го девастираат општественото ткиво. Обезбедувањето добробит на заедницата и нејзината заштита од злото како врвните принципи на предците, денес се принципите и на новите генерации Василичари кои посакуваат просперитетна, развиена и силна држава.

## Цитирана литература


Антонијевић, Драгослав. „Игре под маскама у светлу компарације и континуитета”. *Гласник Етнографског музеја у Београду*, 54–55 (1991): 165–178.

Борев, Јуриј. *Енциклопедија на естетиката и на теоријата на литература*. Скопје: Македоника литера, 2011.

Боцев, Владимир. „Карневалите како современо градско празнување на примерот на струмичкиот карневал”. *Етнолог*, год. VII, бр. 10 (2004): 92–99.

Боцев, Владимир. „Обичаите и идентитетот”. *Култура и идентичност. Годишник на Софийски университет ’Св. Климент Охридски’, Исторически факултет, Специјалност Етнолигија*, Том 2 (2012): 94–99.

Зоговиќ, Соња. „Маските во култните игри”. у: *Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум ’Обичаи со маски’ Вевчани – Струга 1996 година*. Ур. Владимир Боцев. Скопје: Музеј на Македонија, 1998: 189–194.

Караџоски, Владимир. „Фестивалите и карневалите под маски на Балканот со посебен осврт на Македонија: Традиција и современост”. у: *Обреди и фестивали под маски на Балканот: Традиција, состојба, тенденција*. Прилеп: ЈНУ Институт за старословенска култура, Општина Прилеп, 2018: 9–115.

Константинов, Душан. „Кон проучувањето на маските во зимските обичаи во Македонија”. *Македонски фолклор*, година VIII, бр. 15–16 (1975): 375–378.

Мирјана Мирчевска, „Василичарските обичаи во селото Вевчани”. *Етнолог*, 6 (1995): 188–193.

Петровска-Кузманова, Катерина. *Карневалите во Македонија*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков”, 2008.

Петровска-Кузманова, Катерина. *Фолклорен театар – дефинирање и истражување*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков”, 2019.

Петровска-Кузманова, Катерина. „Структурата на современите карневали врз примерот на струмичкиот карневал”. *Македонски фолклор*, бр. 81 (2022): 153–171.

Трубарац Матић, Ђорђина. *У јеленовом колу. Мотив јелена у српској обредној лирици*. Београд: Етнографски институт САНУ, 2019.

Чајкановић, Веселин. *Мит и религија у Срба*. Београд: СКЗ, 1973.

Bahtin, Mihail. *Stvaralaštvo Fransoa Rablea i narodna kultura srednjega veka i renesanse*. Beograd: Nolit, 1978.

Berberović, Sanja and Delibegović Džanić, Nihada. “The President and the Viper: Political satire and conceptual blending theory, *Jezikoslovlje*, 3 (2020): 371–393.

Humphrey, Chris. “Bakhtin and the Study of Popular Culture: Re-thinking Carnival as Historical and Analytical Concept”. in: *Materializing Bakhtin. The Bakhtin Circle and Social Theory. London*. Palgrave Macmillan, 2000, 164–172.

Kajoa, Roze. *Igre i ljudi*, Nolit: Beograd: 1979.

Klaić, Bratoljub, *Veliki Rječnik stranih riječi*, Zagreb: Zora, 1966.

Lozica, Ivan. *Hrvatski karnevali*, Zagreb: Golden Marketing: 1997.

Lozica, Ivan. “Carnival: A Short History of Carnival Customs and Their Social Function”. *Narodna umjetnost hrvatski časopis za etnologiju i folkloristiku*, Vol. 44, No. 1 (2007a): 71–92.

Lozica, Ivan. „O karnevalu: diverzija, kohezija, opsceno i mitsko”. *Dani Hvarskoga kazališta: Građa i rasprave o hrvatskoj književnosti i kazalištu*, Vol. 33, No. 1 (2007b): 190–208.

Muller, Robert. *Most of All They Taught Me Happiness*. New York: Doubleday & Co, 1978.

Ristivojević, Marija. „Bahtin o karnevalu”. *Etnoantropološki problemi*, god. 4, sv. 3 (2009): 197–209.

Šuvaković, Miško. *Diskurzivna analiza*. Beograd: Univerzitet umetnosti, Fakultet muzičke umetnosti, 2006.

## Извори

Бетоски, Сашо. „’Каде слободата е неограничена’. Вевчански карневал 2023 година”. <https://vidivaka.mk/vevchanski-karneval-kade-slobodata-e-neogranichena/> 10. 9. 2024.

„Вевчанскиот карневал прогласен за нематеријално културно добро”. <https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/vevchanskiot-karneval-proglasen-za-nematerijalno-kulturno-dobro/> 11. 9. 2024.

„Како во Вевчани се изработуваат маските за светски познатиот карневал?”. <https://mk.voanews.com/a/kako-vo-vevchani-se-izrabotuvaat-maskite-za-svetski-poznatiot-karneval-/7932266.html> 10. 1. 2025.

„Катица Јанева, Боки-13 и Фатиме Фетаи меѓу највпечатливите маски на Вевчанскиот карневал”. <http://skr.rs/z0ht> 11. 9. 2024.

Георгиевски, Ѕвездан. „Карневал”. <https://okno.mk/node/43905> 10. 9. 2024.

„Политичка сатира на вевчански начин”. <http://skr.rs/z0hZ> 25. 10. 2024.

„Почна дефилето на маските на Вевчански карневал 2022”. <https://novamakedonija.com.mk/makedonija/pochna-defileto-na-maskite-na-vevchanski-karneval-2022/> 25. 10. 2024.

Стојадиновиќ, Соња. „Македонски свилен гајтан за политичка сатира”. <https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-10-07-10-30-25/> 23. 9. 2024.

Marín-Arrese, Juana I. “Humour as Ideological Struggle: The View from Cognitive Linguistics”. <http://skr.rs/z0hV>. 25. 9. 2024.

*RKT*: *Rečnik književnih termina*. Prir. Dragiša Živković. Beograd: Nolit, 1985.

Ана Витанова-Рингачева

### ВЕВЧАНСКИ КАРНЕВАЛ – ТРАДИЦИЈА У ФУНКЦИЈИ ПОЛИТИЧКЕ САТИРЕ

Резиме

Савремени облици карневалских активности као што је карневал у Вевчанима доказ су да је потреба за освајањем простора и слободом, макар и на дан-два, за човека остала јака и неопходна Вевчански карневал носи обележје архаизма јер не напушта традиционалне маске. Међутим, како би обављао своју важну функцију, он показује да мора да прати и актуелне друштвено-политичке процесе. Иако садржи древне магијске ритуале и формалне карактеристике претхришћанске културе, током историјског развоја карневал је остао синоним за слободно и отворено мишљење.

**Кључне речи**: Вевчани, карневал, традиција, политичка сатира.



Фотографија 1.




Фотографија 2.



Фотографија 3.



Фотографија 4.




Фотографија 5.

САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XV
Тематски зборник радова

*Издавачи*
Удружење фолклориста Србије, Београд
Институт за књижевност и уметност, Београд
Универзитетска библиотека „Светозар Марковић”, Београд
Научно-образовно културни центар „Вук Караџић”, Тршић

*За издаваче*
Данијела Поповић Николић
Светлана Шеатовић
Александар Јерков
Никола Ненадовић

*Лектура и коректура*
Ана Јањић
Оливера Марковић
Сања Стевановић

*Превод резимеа на енглески језик*
Данијела Лекић

*Припрема за штампу*
Матеа Милошевић

*Штампа*
Штампарија „Топаловић” д. о. о., Ваљево

*Тираж*
200 примерака

Београд – Тршић
2025

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

ISBN 978-86-7301-226-1 (УБСМ)